# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

*11.06.2026 година * Број 11 * Година XX *
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, Јуни, 2026 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), заменик-градоначалникот на Општина Карпош согласно Решение бр.11-4499/1 од 07.05.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година, донесена на 14. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5557/1**
**Датум: 11.06.2026 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ЗАМЕНИК-ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Неделчо Крстевски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/25, 4/26, и10/26), Советот на Општина Карпош, на 14. седница, одржана на 11 јуни 2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 23/25 и 4/26), во точка II. Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:

- **Во точка 3. Парична помош за лица/семејства во социјален ризик и лекување** во делот „Предвидена финансиска рамка“ предвидениот износ од „7.000.000,00 денари“ се брише, и на негово место се запишува износот од „ 6.600.000, 00 денари “.

По изменувањето и дополнувањето точката 3 гласи:

| **3.** | **Парична помош за лица/семејства во социјален ризик и лекување** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Паричен надомест кој се доделува еднаш во годината за:<br>-лица/семејства во состојба на социјален ризик<br>- лекување<br>За остварување на правото на паричен надомест согласно Јавниот повик објавен на веб страната на Општина Карпош, во прилог на барањето, потребно е да се достави соодветна документација. Покрај ова службите вршат увид во домот на барателот .<br>Поднесените барања ги разгледува Комисијата за доделување на еднократна парична помош |

| | |
|---|---|
| | составена од советници и вработени во општинската администрација, а формирана од Градоначалникот.<br>Покрај паричната помош на граѓаните им се пружаат и други видови на поддршка и тоа:<br>- психо-социјална помош<br>-упатување во соодветна институција за остварување на нивните права |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Поддршка за лица/семејства кои во моментот се нашле во состојба на социјален ризик,<br>✓ Психо-социјална поддршка<br>✓ Поддршка за лекување<br>✓ Парична помош |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на бројот на лица/семејства кои се во социјален ризик или помош за лекување и подобрување на здравствената состојба кај болните лица |
| **Целна група:** | Лица/семејства во социјален ризик и болни лица |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **6.600.000, оо ден.**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Парична помош за лица/семејства:<br>-кои се нашле во состојба на социјален ризик<br>-за лекување |

Се додава точка **17. Еднократна парична помош за солидарна поддршка на лица/семејства**

| **17.** | Еднократна парична помош за солидарна поддршка на лица/ семејства |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Доделување на еднократна парична помош на семејства кои загубиле член на потесното |

| | |
|---|---|
| | семејство како последица на сообраќајна несреќа |
| **Стратешки насоки и цели:** | ✓ Зајакнување на системот на солидарна поддршка и обезебедување на помош погодени од ненадејна загуба на живот |
| **Очекувани резултати:** | Намалување на непосредниот финансиски товар по настанатата загуба |
| **Целна група:** | Семејства кои загубиле член во сообраќајна несреќа |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **400.000, оо денари**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | Еднократна парична помош за лица/семејства кои загубиле член на потесното семејство како последица на сообраќајна несреќа |

3. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “ .

**Број 09-5345/4** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 11.06.2026 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), заменик-градоначалникот на Општина Карпош согласно Решение бр.11-4499/1 од 07.05.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година, донесена на 14. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5557/2**
**Датум: 11.06.2026 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ЗАМЕНИК-ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Неделчо Крстевски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/2002)и („Службен весник на Република Северна Македонија бр 202/24), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026година („Службен гласник на Општина Карпош бр.23/25и 7/26“), Советот на Општина Карпош, на 14. седница, одржана на 11 јуни 2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Образованието за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/25 и 7/26), во точка II. Проектни активности се врши измена на следниот начин:

- Во II. Проектни активности се врши дополнување на следниот начин: По точка 17. **се додава нова точка точка 18.** Која гласи: **Опремување со инвентар и нагледни средства на училници во ООУ „Лазо Трповски“**. Во делот **Предвидена финансиска рамка:** предвидениот финансиски износ е **1.500.000** (еден милион и петстотини илјади ) денари.

| **18** | **Опремување со инвентар и нагледни средства на училници во ООУ„ ЛАЗО ТРПОВСКИ“** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Опремување со инвентар и нагледни средства на училници во ООУ„Лазо Трповски“.<br>Опремувањето ќе опфати набавка на ученички клупи, столчиња и смарт табли за училниците кои до неодамна ги користеа вработените од Општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели** | Обезбедување услови за непречен и квалитетен образовен процес и осовременување на училишните простории на општинското основно училиште, . |
| **Очекувани резултати** | • Поквалитетен воспитно-образовен процес.<br>• Поквалитетни услови за работа. |
| **Целна група** | Ученици и наставници од општинското основно училиште. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **1.500.000 денари** |
| **Трошоци** | Обезбедување инвентар и нагледни средства за |

| | |
|---|---|
| | училиштето преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

- Во II. Проектни активности во точка 2. Ужинки за учениците од општинските основни училишта износот во делот Предвидена финансиска рамка: 4.800.000 (четири милиони и осумстотини илјади) денари се менува и гласи: **Предвидена финансиска рамка 4.650.000 (четири милиони шестотини и педесет илјади) денари.**

| 2 | Ужинки за учениците од општинските основни училишта |
|---|---|
| **Опис на активности** | Во период јануари-јуни 2026 година, за учебната 2025/2026 и за периодот септември-декември 2026 година за учебната 2026/2027, Општина Карпош ќе субвенционира ужинки за учениците од 1-9 одделение од општинските основни училишта, во висина од 50% од износот на месечниот надоместок. |
| **Стратешки насоки и цели** | Зајакнување на довербата помеѓу Општина Карпош и родителите на учениците од основните општински училишта. |
| **Очекувани резултати** | Финансиска помош за родителите на учениците. |
| **Целна група** | Ученици од 1-9 одделение од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **4.650.000 денари** |
| **Трошоци** | Обезбедување ужинки на ученици преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

- Во II. Проектни активности се врши дополнување на следниот начин: **По точка 18. се додава точка 19** која гласи: **Бесплатни посети на Природонаучен музеј за учениците и наставниците од општинските основни училишта.** Во делот **Предвидена финансиска рамка:** предвидениот финансиски износ е **150.000 (сто и педесет илјади) денари.**

| 19 | **Бесплатни посети на Природонаучен музеј за учениците и наставниците од општинските основни училишта** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Општина Карпош обезбедува бесплатни групни влезници во Природонаучниот музеј за учениците и наставниците од сите општински основни училишта на подрачјето на Општина Карпош во текот на цела година.<br>Природонаучниот музеј на Македонија игра важна улога во проучувањето на природното богатство на регионот и е значаен ресурс за учениците и истражувачите.<br>Посетите на Природонаучниот музеј се дел од годишните програми на основните училишта. |
| **Стратешки насоки и цели** | Поддршка во образовниот процес и наставата по предметите природни науки, биологија и др. |
| **Очекувани резултати** | Стекнување на поголеми знаења и истражувачки вештини на учениците. |
| **Целна група** | Ученици и наставници од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **150.000 денари** |
| **Трошоци** | Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош, а се наменети за групни влезници на сите ученици и наставници |

Вкупната предвидена финансиска рамка од 32.820.000 (триесет и два милиони осумсто и дваесет илјади) денари се менува и гласи: **34.320.000 (триесет и четири милиони триста и дваесет илјади) денари.**

Во точка III ”Финансирање” износот 32.820.000 (триесет и два милиони осумсто и дваесет илјади) денари се менува и гласи: **34.320.000 (триесет и четири милиони триста и дваесет илјади) денари.**

2. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “ .

**Број 09-5345/5**
**Датум 11.06.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието
за 2026 година (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.11/26), Советот на Општина Карпош, на 14. седница, одржана на 11 јуни 2026 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година**
**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

## I. Развојни приоритети и цели

Целта на програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието како и условите за работа во општинските основни училишта.

## II. Проектни активности

| 1 | Опремување на училишните кабинети и библиотеки |
|---|---|
| **Опис на активности** | Осовременување на наставата во општинските основни училишта со нагледни средства, лектирни изданија и дидактички материјали. |
| **Стратешки насоки и цели** | Континуирано обновување на нагледните средства, лектирните изданија и дидактичките материјали во основните општински училишта. |
| **Очекувани резултати** | • Поквалитетен воспитно-образовен процес.<br>• Стекнување на трајни знаења на учениците. |
| **Целна група** | Ученици и наставници од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **4.500.000 денари** |
| **Трошоци** | Трошоци за лектирни изданија и обезбедување нагледни средства и дидактички материјали за училиштата преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| 2 | **Ужинки за учениците од општинските основни училишта** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Во период јануари-јуни 2026 година, за учебната 2025/2026 и за периодот септември-декември 2026 година за учебната 2026/2027, Општина Карпош ќе субвенционира ужинки за учениците од 1-9 одделение од општинските основни училишта, во висина од 50% од износот на месечниот надоместок. |
| **Стратешки насоки и цели** | Зајакнување на довербата помеѓу Општина Карпош и родителите на учениците од основните општински училишта. |
| **Очекувани резултати** | Финансиска помош за родителите на учениците. |
| **Целна група** | Ученици од 1-9 одделение од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **4.650.000 денари** |
| **Трошоци** | Обезбедување ужинки на ученици преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| 3 | **Ослободување од плаќање месечен надомест за ужинка/топол оброк на ученици – деца на бранители во општинските основни училишта** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Оваа активност се предвидува согласно Одлуката ( бр.09-8890/16 од 07.12.2022 година) донесена од Советот на Општина Карпош за ослободување од плаќање месечен надомест за топол оброк и ужинки. |
| **Стратешки насоки и цели** | • Поддршка на бранителите.<br>• Заслуги во одбраната на татковината |
| **Очекувани резултати** | Финансиска помош на семејствата на учениците. |
| **Целна група** | Ученици–деца на бранителите во општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **200.000 денари** |
| **Трошоци** | Плаќање на фактури на правно лице за трошоци за топол оброк и ужинки. |

| 4 | Редовен превоз на учениците од општинските основни училишта |
|---|---|
| Опис на активности | Обезбедување на месечни билети за секојдневен превоз на ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, за месеците додека трае наставната година. |
| Стратешки насоки и цели | • Усогласување со законска регулатива согласно член 73 став (1) од Законот за основното образование.<br>• Олеснет и безбеден превоз до најблиското општинско основно училиште оддалечено најмалку два километри од местото на живеење |
| Очекувани резултати | Финансиска помош на родителите на учениците. |
| Целна група | Ученици од општинските основни училишта на кои местото на живеење им е оддалечено најмалку два километри од најблиското општинско основно училиште. |
| Предвидена финансиска рамка | **1.500.000 денари** |
| Трошоци | Обезбедување превоз на ученици. |

| 5 | Превоз на ученици на еднодневен пролетен излет |
|---|---|
| Опис на активности | Организирање на превоз за реализација на еднодневен пролетен излет во околината на Скопје за учениците од 1-9 одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, во 2026 година. |
| Стратешки насоки и цели | Реализирање на дел од програмската активност за реализација на еднодневен пролетен излет согласно годишните програми за реализирање на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на сите општински основни училишта, изготвени согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта. |
| Очекувани резултати | • Дружење меѓу учениците и наставниците, социјализација, едукација за излетничките места со посета на културно историски обележја.<br>• Финансиска помош за родителите на учениците. |
| Целна група | Ученици и наставници од општинските основни училишта. |

| | |
|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка** | **2.500.000 денари** |
| **Трошоци** | Обезбедување превоз на ученици преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| **6** | **Стипендии за талентирани ученици од основните училишта** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Стипендии за талентирани ученици од основните училишта ќе ги опфати талентираните ученици од 8 (осмо) и 9 (деветто) одделение од училиштата на територија на Општина Карпош, жители на Општина Карпош, за постигнати резултати од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста на:<br>-општински,<br>-регионални,<br>-државни и<br>-меѓународни натпревари и<br>-олимпијади во државата и странство.<br>Стипендиите се доделуваат за осум месеци и се во две категории, и тоа:<br>-Прва категорија 3.500 денари,<br>-Втора категорија 3.000 денари.<br>Комисијата е формирана од Градоначалникот од редот на општинската администрација.<br>На ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (образование и спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува една стипендија, по негов избор, врз основа на доставена изјава за која стипендија се одлучил.<br>Јавениот оглас ќе се спроведе по претходно утврдени услови и критериуми.<br>Активноста ги опфаќа следниве постапки:<br>1.Одлука за јавен оглас<br>2. Формирање на комисија<br>3. Објава на јавен оглас<br>4.Записник од отварање на апликации<br>5.Извештај (табеларен преглед)<br>6.Решение за исплата<br>-други акти во врска со предметната постапка |
| **Стратешки насоки и цели** | Целта е да се стимулира и развива талентот на учениците, за понатамошно надградување во областите каде покажуваат |

| | |
|---|---|
| | успеси. |
| **Очекувани резултати** | • Учество на разни натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста;<br>• Создавање вистински вредности и навики кај учениците. |
| **Целна група** | Редовни ученици од 8-мо и 9-то одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка** | **1.500.000 денари** |
| **Трошоци** | Парични средства за учениците во времетраење од осум месеци во текот на календарската година.<br>2026 (февруари, март, април, мај, јуни)-за учебна 2025/2026<br>2026 (октомври, ноември и декември) -за учебна 2026/2027 |

| 7 | Награди за првенци на генерација од општинските основни училишта |
|---|---|
| **Опис на активности** | **а) Еднократна финансиска поддршка на првенци на генерација**<br>Наставничките совети на училиштата врз основа на предлогот од Комисијата за избор на првенец на генерација, одлучуваат за изборот на ученикот кој ќе биде прогласен за првенец на генерација по што доставуваат известување до Општина Карпош.<br>**б)Превоз за летен одмор за првенци на генерација, истакнати спортисти и спортски тимови**<br>Предвидена е реализиција во период на летниот распуст. |
| **Стратешки насоки и цели** | Целта е учениците да се наградат за нивниот успех и да се мотивираат за напредок во понатамошното образование |
| **Очекувани резултати** | Поттик на учениците за учество на разни меѓународни, државни, градски и општински натпревари конкурси и изложби. |
| **Целна група** | а) 10 ученици - првенци на генерација<br>б) 10 ученици-првенци на генерација, наставници и претставници од одделението за образование од Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **700.000 денари** |
| **Трошоци** | а) 10 ученици првенци по 10.000 денари<br>б) превоз за летен одмор за 10 ученици првенци и истакнати спортисти и спортски тимови - 600.000 денари |

| | |
|---|---|
| | Обезбедубвање превоз преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| **8** | **Избор за најдобро уреден ЕКО-училишен двор /катче** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Со цел подигање на свеста на учениците, родителите, наставниците за важноста на животната средина и рециклирањето, како модел за заштита на животната средина, училиштата ќе се натпреваруваат за најдобро уреден еко-училишен двор /катче во училиштето.<br>Активноста ќе се реализира во период од март - мај 2026 година.<br>Училиштата кои во минатите години добиле награда за ЕКО-уреден училишен двор/катче не можат повторно да учествиваат на следен јавен повик со истиот простор, за кој веќе имаат добиено награда.<br>Активноста ги опфаќа следниве постапки:<br>1.Формирање на комисија<br>2. Записник од увид на училишниот двор/катче<br>3. Извештај (табеларен преглед)<br>4. Решение за исплата<br>-други акти во врска со предметната постапка<br>Изборот за најдобро уреден еко-училишен двор /катче ќе го врши Комисија формирана од Градоначалникот од редот на општинската администрација . |
| **Стратешки насоки и цели** | Финансиска поддршка заосновните општински училишта, подигање на еколошката свест, употреба на рециклирани материјали и нивно понатамошно користење и реупотреба |
| **Очекувани резултати** | Поттикната мотивираност и креативност за создавање на здрава средина за учеење и развој и развивање на еколошката свест на сите чинители во воспитно-образовниот процес |
| **Целна група** | Ученици, родители и наставници од основните општински училишпта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **150.000 денари** |
| **Трошоци** | <u>Награди:</u><br>I место 70.000 денари<br>II место 50.000 денари<br>III место 30.000 денари |

| 9 | Хорски натпревар |
|---|---|
| **Опис на активности** | Проектот Хорски натпревар меѓу училиштата е предвидено да се одржи во период од месец мај до јуни во просториите на едно од основните општински училишта. Право на учество имаат сите општински основни училишта.<br>Активноста ги опфаќа следниве постапки:<br>1.Формирање на комисија<br>2. Записник од натпреварувачкиот дел<br>3. Извештај (табеларен преглед)<br>4. Решение за исплата<br>-други акти во врска со предметната постапка<br>Изборот за наградените училишта ќе го врши Комисија составена од надворешни членови, стручни лица од областа на музиката и членови од редот на општинската администрација. |
| **Стратешки насоки и цели** | Зголемување на соработката и дружењето помеѓу учениците и наставниците во училиштата од Општина Карпош и мотивирање за поголеми успеси на ниво на училиште. |
| **Очекувани резултати** | Развивање на уметнички и натпреварувачки дух кај учениците и музичките педагози |
| **Целна група** | Учениците и музичките педагози од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **150.000 денари** |
| **Трошоци** | -Награди:<br>I место - 40.000 ден<br>II место - 30.000 ден<br>III место -20.000 ден<br>Вкупно (90.000 ден) 30% од износот ќе се исплати на музичкиот педагог и 70% на училиштето за потребите на училишниот хор или осовременување на наставата по музичко образование.<br>-Надворешните членови на комисијата - 9.000 ден.<br>-други активности (водител, озвучување, украсување, пијалок за учесниците) |

| 10 | Ранче и прибор за секое прваче |
|---|---|
| Опис на активности | Општина Карпош ќе обезбеди ранче и основен училишен прибор за секое прваче.<br>Градоначалникот, советниците и вработените од одделението за образование ќе ги посетат првачињата и ќе им посакаат успешен почеток на учебната година. |
| Стратешки насоки и цели | Семејствата ќе добијат финансиско олеснување во најважниот момент од образовниот пат на своите деца. |
| Очекувани резултати | Очекуваниот резултат е децата полесно ќе се адаптираат на училишната средина со чувство на припадност и поддршка, а |
| Целна група | Првачиња од општинските основни училишта |
| Предвидена финансиска рамка | **1.000.000 денари** |
| Трошоци | Обезбедување квалитетни ранчиња и прибор, за првачиња преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| 11 | МИО (меѓуетничка интеграција на младите во образованието) |
|---|---|
| Опис на активности | Општина Карпош ја поддржува меѓуетничката интеграција со финансиска помош на општинските основни училишта на територија на Општина Карпош. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои што имаат за цел интеракција, односно интеграција на етнички/јазично мешани групи ученици спроведувајќи ги планираните активности. |
| Стратешки насоки и цели | • Градење на свесност за меѓуетничка интеграција преку разновидни обуки, организирање на спортски игри, квизови на знаење, поттикнување на соработката и дружењето помеѓу учениците со збратимените училишта во кој наставата се одвива на македонски и на јазици кои се говорат во училиштата.<br>• Прифаќање на различностите и отфрлање на стереотипите и предрасудите, помеѓу учениците во општинските училишта. |
| Очекувани резултати | • Зголемување на меѓуетничката кохезија помеѓу учениците во општинските основни училишта.<br>• Реализирање на заеднички ученички спортски активности, забавни игри, културни |

| | |
|---|---|
| | работилници |
| **Целна група** | Ученици и наставници од основните општински училишта |
| **Предвидена финансиска рамка** | **100.000 денари** |
| **Трошоци** | По 10.000 денари за секое општинско основно училиште. |

| 12 | **„Карпош има талент“** |
|---|---|
| **Опис на активности** | По повод роденденот на општината се организира манифестацијата „Карпош има талент“. Учество ќе земат сите општински основни училишта и се претставуваат со по еден настап (пеење, танцување, глума, рецитал, свирење на инструмент и др.) Максималниот бројот на учесници од училиште да не надминува повеќе од десет ученици.<br>Активноста ги опфаќа следниве постапки:<br>1.Формирање на комисија<br>2. Записник од натпреварувачкиот дел<br>3. Извештај (табеларен преглед)<br>4. Решение за исплата<br>-други акти во врска со предметната постапка<br>Изборот за наградените училишта ќе го врши Комисија составена од надворешни членови истакнати лица од уметноста и членови од редот на општинската администрација. |
| **Стратешки насоки и цели** | Стимулирање на креативноста и талентот кај учениците, поттикнување натпреварувачки дух, дружење и забава меѓу најмладите, социјализација и сл. |
| **Очекувани резултати** | Фер натпреварување и развивање на другарството помеѓу децата |
| **Целна група** | Учениците од општинските основни училишта, наставниците и родителите |
| **Предвидена финансиска рамка** | **200.000денари** |
| **Трошоци** | **Награди**:<br>15.000 ден -прво место,<br>10.000 ден- второ место и<br>7.000 ден - трето место<br>9.000 ден -Надворешните членови на Комисија |

| | |
|---|---|
| | Други активности (изнајмување сала, водител, украсување, озвучување, дипломи , пијалоци) |

| 13 | **Бесплатни екскурзии за ученици чии семејства се приматели на социјална помош** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Екскурзиите и наставата во природа се вонучилишни активности на учениците што ги организираат основните училишта и се изведуваат надвор од училиштето согласно „Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта“. |
| **Стратешки насоки и цели** | • Истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот<br>• Посети на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење<br>• Запознавање на учениците со културата на различните етнички заедници<br>• Дружење, социјализација, развивање интерес на спортски активности и создавање навики за здраво живеење |
| **Очекувани резултати** | Финансиска помош на семејствата на учениците. |
| **Целна група** | Ученици од општинските основни училишта, чии семејства се приматели на социјална помош.<br>-За учениците од V одделение - 3-5 дена<br>-За учениците од VI одделение- 2 дена<br>-За учениците од IX одделение – 3 дена |
| **Предвидена финансиска рамка** | **200.000 денари** |
| **Трошоци** | Превоз и сместување. |

| 14 | **Бесплатни униформи за учениците** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Во основните општински училишта во Карпош постојат социјални разлики кои често влијаат врз децата, нивната самодоверба и чувството на припадност.<br>Општина Карпош ќе воведе бесплатни униформи за сите ученици во општински основни училишта. Униформите ќе бидат изработени по современи стандарди удобни, практични и со квалитетни материјали, а дизајнот ќе се дефинира во консултација со училиштата и родителите. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели** | Почитување на потребите на децата и обезбедување заеднички модел што ја поттикнува еднаквоста. |
| **Очекувани резултати** | Очекуваниот ефект од воведувањето на униформите е повеќеслоен: ќе се намалат социјалните разлики, ќе се зајакне чувството на заедништво, а училиштата ќе добијат уреден и дисциплиниран амбиент. Родителите ќе имаат сигурност дека нивните деца се дел од еднаква средина, а наставниците ќе работат во атмосфера со поголем ред и фокус на образовниот процес. |
| **Целна група** | Ученици од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **15.000.000 денари** |
| **Трошоци** | Ученици од 1-9 одд.<br>Обезбедување униформи за учениците преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| 15 | Промоција на успешен наставник |
|---|---|
| **Опис на активности** | По повод 5 октомври-Светскиот ден на учителите, Општина Карпош ќе додели награди/признанија на најдобри наставници/стручни соработници (по еден) од сите десет општински основни училишта. Изборот на „успешен наставник“го прави училиштето. |
| **Стратешки насоки и цели** | Препознавање и наградување на најпосветените и најиновативните наставници |
| **Очекувани резултати** | Поддршка и стимулирање за постигнување на подобри резултати во образованието. |
| **Целна група** | Наставници/стручни соработници од општинските основни училишта, |
| **Предвидена финансиска рамка** | **120.000 денари** |
| **Трошоци** | -10 наставници Х 10.000 денари<br>-други трошоци ( озвучување, бина, украсување и др) |
| **16** | **Изготвување на анализа за 24 часовно обезбедување на ученици, објекти и имот во основните општински училишта** |
| **Опис на активности** | -Изготвување на анализа за 24 часовно обезбедување на ученици, објекти и имот во основните општински училишта |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели** | Целта на анализата е да се добие вредноста на чинење на услугата од лиценцирани компании за обезбедување. |
| **Очекувани резултати** | Сигурни и безбедни училишта |
| **Целна група** | Ученици и вработени во општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **0 денари** |

| **17** | **Финансиска поддршка за меѓународна ученичка размена со партнерско училиште** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Општина Карпош со еднократна финансиска исплата го поддржува проектот за меѓународна ученичка размена на ООУ Владо Тасевски – Карпош, Скопје и партнерско училиште од Република Германија |
| **Стратешки насоки и цели** | Развивање на интеркултурни компентенции,јазични вештини, социјална одговорност и европски вредности. |
| **Очекувани резултати** | • напредувањенамеѓународна образовна соработка,<br>• размена на добри практики,<br>• личен и образовен развој на учениците и<br>• афирмација на Општина Карпош на меѓународно ниво. |
| **Целна група** | Ученици и наставници од општинското основно училиште. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **200.000 денари** |
| **Трошоци** | Средствата се обезбедени од Општина Карпош. |

| **18** | **Опремување со инвентар и нагледни средства на училници во ООУ„ ЛАЗО ТРПОВСКИ“** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Опремување со инвентар и нагледни средства на училници во ООУ„Лазо Трповски.<br>Опремувањето ќе опфати набавка на ученички клупи, столчиња и смарт табли за училниците кои до неодамна ги користеа вработените од Општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели** | Обезбедување услови за непречен образовен процес Континуирано опремување со инвентар и нагледни средства во општинското основно училиште. |
| **Очекувани резултати** | • Поквалитетен воспитно-образовен процес.<br>• Поквалитетни услови за работа. |

| | |
|---|---|
| **Целна група** | Ученици и наставници од општинското основно училиште. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **1.500.000 денари** |
| **Трошоци** | Обезбедување инвентар и нагледни средства за училиштето преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2026 година. |

| **19** | **Бесплатни посети на Природонаучен музеј за учениците и наставниците од општинските основни училишта** |
|---|---|
| **Опис на активности** | Општина Карпош обезбедува бесплатни групни влезници во Природонаучниот музеј за учениците и наставниците од сите општински основни училишта на подрачјето на Општина Карпош во текот на цела година.<br>Природонаучниот музеј на Македонија игра важна улога во проучувањето на природното богатство на регионот и е значаен ресурс за учениците и истражувачите.<br>Посетите на Природонаучниот музеј се дел од годишните програми на основните училишта. |
| **Стратешки насоки и цели** | Поддршка во образовниот процес и наставата по предметите природни науки, биологија и др. |
| **Очекувани резултати** | Стекнување на поголеми знаења и истражувачки вештини на учениците. |
| **Целна група** | Ученици и наставници од општинските основни училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка** | **150.000 денари** |
| **Трошоци** | Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош, а се наменети за групни влезници на сите ученици и наставници |

Вкупна предвидена финансиска рамка:

**34.320.000 (триесет и четири милиони триста и дваесет илјади) денари.**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **34.320.000** (триесет и четири милиони тристадваесет илјади) **денари.**
е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансии од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за образование со Секторот за дејности од јавен интерес и Секторот за Финансии и Секторот за Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Градоначалникот.

**Број 09-5345/5** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 11.06.2026 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), заменик-градоначалникот на Општина Карпош согласно Решение бр.11-4499/1 од 07.05.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување правила при спроведување на параметри во рамки на дефинирана градежна парцела за реализација и спроведување на урбанистички план**

1. Се објавува Одлука за утврдување правила при спроведување на параметри во рамки на дефинирана градежна парцела за реализација и спроведување на урбанистички план, донесена на 14. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5557/3**
**Датум: 11.06.2026 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ЗАМЕНИК-ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Неделчо Крстевски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Карпош, на 14. седница, одржана на 11 јуни 2026 година, донесе

## ОДЛУКА
### за утврдување правила при спроведување на параметри во рамки на дефинирана градежна парцела за реализација и спроведување на урбанистички план

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош донесува-утврдува правила во процесот на примена и спроведување на урбанистичките планови.

**Член 2**

Почнувајќи од 11.06.2026 година, локалната самоуправа ќе се придржува кон новите правила во процесот на спроведување на урбанистичко планската документација, кои се однесуваат на објекти за индивидуално домување и колективно домување. Се утврдува:

- Кај градежни парцели со намена А1 – домување во индивидуални куќи, потребниот број на паркинг места се обезбедува во рамки на градежната парцела
- Кај градежни парцели со намена А2-домување во колективни станбени згради, задолжително е автомобилскиот пристап до подземните нивои на градежната парцела да биде обезбеден со рампа.
- Во градежните парцели со паркинг места над 50 возила, во подземните нивоа е дозволена употреба на механизирани паркинг системи доколку најмалку 90 % од потребниот број на паркинг места се обезбедени без механизирани паркинг места.“

Паркирањето не смее да ја наруши минимално пропишаната површина за зеленило, природен терен и останатите урбанистички параметри утврдени со планот.

**Член 3**

Одредбите од овој член се применуваат исклучиво на градежни парцели со намена А1 – домување во индивидуални куќи, во урбанистички планови донесени согласно правилници ( нормативите за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ) во кои не е експлицитно утврден максималниот број на станбени единици.

Во такви случаи:

За секоја урбанистичка парцела со намена А1 – домување во индивидуални куќи максималниот број на станбени единици е
- за урбанистичка парцела кој согласно план има дозволено до 400м2 бруто развиена површина максималниот број на станбени единици е 4.
- за урбанистичка парцела кој согласно план има дозволено до 600м2 бруто развиена површина максималниот број на станбени единици е 6.
- за урбанистичка парцела кој согласно план има дозволено над 600м2 бруто развиена површина максималниот број на станбени единици е 8.

Во урбанистички планови во кои максималниот број на станбени единици е утврден согласно правилникот по кој е донесен планот, се применуваат параметрите утврдени во тој план и во соодветниот правилник.“

**Член 4**

Одредбите од овој член се применуваат исклучиво на градежни парцели со намена А0 – домување со посебен режим, во деталните урбанистички планови донесени согласно претходни правилници ( нормативите за стандарди нормативи за урбанистичко планирање ) во кои не е експлицитно утврден максималниот број на станбени единици.
Во такви случаи:
Во важечките урбанистички планови, за градежните парцели со намена А0 – домување со посебен режим, максималниот број на станбени единици изнесува еден.

**Член 5**

Одлуката ќе важи за сите идни и за сите започнати постапки за одобрување на проектна документација при спроведување на урбанистичките планови

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Член 7**

Со стапување на оваа одлука на сила, престанува да важи Одлуката бр.09-4488/29 од 07.06.2023 година.

**Број 09-5345/6**
**Датум 11.06.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), заменик-градоначалникот на Општина Карпош согласно Решение бр.11-4499/1 од 07.05.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник**

1.Се објавува Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник, донесена на 14. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5557/4**
**Датум: 11.06.2026 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ЗАМЕНИК-ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Неделчо Крстевски, с.р.**

Врз основа на член 44 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 143/19, 14/2020 и 208/24“), а во врска со член 30, став 4 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Советот на Општина Карпош, на 14. седница, одржана на 11 јуни 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за спогодбено преземање на административен службеник во наведеното звање:

**Раководител на Одделение за човечки ресурси – шифра УПР0101Б04000, ниво Б04 – 1 извршител**.

**Член 2**

За оваа намена се предвидени финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5345/7**
**Датум 11.06.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), заменик-градоначалникот на Општина Карпош согласно Решение бр.11-4499/1 од 07.05.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за начинот и условите за давање на користење училишен простор, училишни кујни, трпезарии и подвижни ствари во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош и овластување за нивно располагање**

1. Се објавува Одлука за начинот и условите за давање на користење училишен простор, училишни кујни, трпезарии и подвижни ствари во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош и овластување за нивно располагање, донесена на 14. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5557/5** **ОПШТИНА КАРПОШ**
**Датум: 11.06.2026 година** **ЗАМЕНИК-ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Скопје** **Неделчо Крстевски, с.р.**

Врз основа на член 22, став (1), точка 8; член 36, став (1), точка 10 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 158, став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25) Советот на Општина Карпош, на 14. седница, одржана на 11 јуни 2026 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
## за начинот и условите за давање на користење училишен простор, училишни кујни, трпезарии и подвижни ствари во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош и овластување за нивно располагање

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат:

- начинот и условите за давање на користење на училишен простор во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош;
- начинот и условите за користење на училишните кујни, трпезарии и подвижните ствари кои се наоѓаат во нивна функција;
- правото на управување и располагање со училишниот простор, училишните кујни, трпезарии и подвижните ствари.

**Член 2**

Под училишен простор, во смисла на оваа Одлука, се подразбира просторот чиј корисник е општинското основно училиште, а се наоѓа во објектот на училиштето или во рамките на градежната парцела.

Под училишни кујни и трпезарии, во смисла на оваа Одлука, се подразбираат сите простории наменети за подготовка, прием, складирање, дистрибуција и послужување на храна, како и сите помошни простории кои функционално служат за нивното користење.

Под подвижни ствари, во смисла на оваа Одлука, се подразбираат опремата, мебелот, инвентарот, апаратите, уредите и другите средства кои се наоѓаат во наведените простории и служат за нивно редовно функционирање.

**Член 3**

**Со оваа Одлука, Општина Карпош на општинските основни училишта на своето подрачје, чиј основач е Општина Карпош, им го дава на користење училишниот простор кој се наоѓа во објектите на училиштата и во рамките на градежните парцели на училиштата, како и право на управување и располагање со истиот согласно закон и одредбите од оваа Одлука.**

**Под училишен простор, во смисла на оваа Одлука, се подразбираат училниците, кабинетите, спортските сали, медиотеките, училишните холови, наставничките канцеларии, свечените сали, подрумите, гаражите, помошните простории и другите простории кои се наоѓаат во објектите на училиштето или во рамките на градежната парцела на училиштето и служат за вршење на воспитно-образовната дејност или се во функција на нејзиното непречено одвивање.**

**Правото на користење, управување и располагање од ставот (1) на овој член се доделува со цел обезбедување услови за непречено вршење на воспитно-образовната дејност, подобрување на условите за работа и престој на учениците и вработените, рационално користење на училишните капацитети и создавање дополнителни можности за нивно одржување и унапредување.**

**Во рамките на правото на располагање од ставот (1) на овој член, училиштата можат училишниот простор да го даваат на користење или под закуп на правни и физички лица, под услови и на начин утврдени со закон и со оваа Одлука.**

**Член 4**

Воедно, со оваа Одлука, Општина Карпош на општинските основни училишта на своето подрачје, чиј основач е Општина Карпош, им ги дава на користење училишните кујни, училишните трпезарии, помошните простории кои се во нивна функција, како и подвижните ствари.

Правото на користење од ставот (1) на овој член се доделува со цел обезбедување услови за организирана исхрана на учениците, подобрување на условите за воспитно-образовната дејност, рационално користење на училишните капацитети и создавање дополнителни можности за нивно одржување и унапредување.

Правото на користење од ставот (1) на овој член се доделува за времетраење од 3 (три) години, сметано од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 5**

Правото од член 3 и член 4 на оваа Одлука се доделува на следните општински основни училишта:

- ООУ „Лазо Трповски“ – Скопје;
- ООУ „Владо Тасевски“ – Скопје;
- ООУ „Јан Амос Коменски“ – Скопје;
- ООУ „Петар Поп Арсов“ – Скопје;
- ООУ „Којдан Чернодрински“ – Скопје;
- ООУ „Аврам Писевски“ – Скопје;
- ООУ „Димо Хаџи Димов“ – Скопје;
- ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ – Скопје;
- ООУ „Братство“ – Скопје;
- ООУ „Вера Циривири - Трена“ – Скопје.

**Член 6**

Училиштата од член 5 на оваа Одлука се овластуваат да управуваат и располагаат со училишниот простор, училишните кујни, трпезарии и подвижните ствари дадени на користење.

Во рамките на правото на управување и располагање, училиштата имаат право:

- да ги користат за сопствени потреби;
- да организираат исхрана на учениците непосредно или преку трети лица;
- да ги одржуваат, обновуваат и унапредуваат;
- да склучуваат договори поврзани со нивното користење;
- да ги даваат на користење или под закуп согласно оваа Одлука;
- да преземаат други дејствија неопходни за нивно законито и ефикасно користење.

## УПРАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО УЧИЛИШЕН ПРОСТОР

**Член 7**

Училишниот простор од членот 3 може да се дава на користење на правни и физички лица, за период од една учебна година, во определени термини (по час) или по метар квадратен, врз основа на проценета вредност согласно Закон за процена, како и други законски и подзаконски акти.

Предност при доделување на термини за закуп на спортска сала ќе имаат спортски клубови, регистрирани на територија на Општина Карпош кои имаат организирано младинска спортска школа.

**Член 8**

Училишниот простор од членот 3 може да се дава на користење за следната намена:

- едукативни часови од областа образование, спорт, култура и др.;
- спортско рекреативни активности;
- културни, спортски, образовни и други манифестации;
- продажба на пакувани прехрамбени производи и безалкохолни пијалоци;
- продажба на училишен прибор и канцелариски материјали;

Училишниот простор од членот 3 може да се дава на користење само доколку:

- Просторот и терминот на издавањето не ја попречува наставата и квалитетот на воспитно-образовниот процес;
- Употребата на просторот не ја наруши безбедноста на учениците, вработените и на лицата што ќе го користат училишниот простор;
- Намената заради која се користи просторот не доведува до негово оштетување.

**Член 9**

Постапката по јавниот оглас за избор на најповолна понуда за училишниот простор од членот 3 ја спроведува училишна комисија за спроведување на постапка за издавање на училишен простор, формирана од училишниот одбор на општинското основно училиште.

**Член 10**

За просторот или терминот на давање на користење училишен простор од членот 3, училиштето и корисникот склучуваат писмен договор со кој се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.

Договорот за давање на користење училишен простор од членот 3 се склучува во 4 примероци и истите особено содржат:

- Страни на договорот,
- Предмет на договорот,
- Намена за која се користи просторот, (за Договорот за давање на користење училишен простор)
- Времетраење на користење,
- Цена и начин на плаќање,
- Обврски на корисникот согласно намената на договорот,
- Обезбедување на побарувањата од договорот,
- Забрана за давање во подзакуп,
- Услови за раскинување на договорот,
- Други прашања од значењето на реализација на договорот.

**Член 11**

Доколку за користење на училишниот простор од членот 3 кој се издава под закуп се потребни согласности-дозволи од страна на надлежни органи, корисникот (закупецот) е должен на своја сметка да ги обезбеди истите.

**Член 12**

Доколку училишниот простор од членот 3 се користи со опрема и инвентар што не може физички да се издвои или истите се во функција на намената за која просторот се дава на користење (едукативни часови од областа образование, спорт, култура и др., спортско рекреативни активности, културни, спортски, образовни и други манифестации, продажба на пакувани прехрамбени производи и безалкохолни пијалоци, продажба на училишен прибор и канцелариски материјали), корисникот е должен да положи депозит за покривање на претпоставената штета.

**Член 13**

Висината на надоместокот за користење на училишниот простор од членот 3 може да се утврдува во евро/м2 или евро/час, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија, врз основа на проценета вредност согласно Закон за процена и други законски и под законски прописи и акти.

Вредноста на недвижната ствар од ставот 1 на овој член ја определува овластен проценител, согласно Законот за процена како и врз основа на други законски и под законски прописи и акти, со примена на компаративна метода, согласно микролокацијата на објектот и други погодности согласно условите на пазарот на недвижности.

**Член 14**

Договорите за давање на користење училишен простор од членот 3 се склучуваат за 1 (една) учебна година.

По исклучок од став 1 од овој член, доколку користењето на просторот е поврзано со вложувања од страна на корисникот, во износ од најмалку 5000 (пет илјади) евра во денарска против вредност сметано според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија, договорите за користење може да се склучат и за подолг временски период, но не повеќе од 5 години.

За вложувања од страна на корисникот кои бараат времетраењето на договорот да изнесува повеќе од две години, потребна е писмена согласност од Градоначалникот на општината на предлог на комисијата.

## УПРАВУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО УЧИЛИШНИ КУЈНИ И ТРПЕЗАРИ

### Член 15

Училиштата можат да ги даваат под закуп просториите и подвижните ствари од член 4 на оваа Одлука на правни лица за вршење дејности поврзани со подготовка, дистрибуција и послужување храна, организирана исхрана на учениците и други сродни дејности утврдени со закон.

Предмет на закуп може да биде:

- училишна кујна и трпезарија како функционална целина;
- помошни простории кои се во нивна функција;
- опрема, инвентар и други подвижни ствари.

### Член 16

Постапката за избор на закупец, условите за закуп, времетраењето на договорот, висината на закупнината и другите права и обврски на договорните страни за училишните кујни и трпезарии од членот 4 ги утврдува училиштето согласно закон и своите општи акти.

Договорите за закуп за училишните кујни и трпезарии од членот 4 ги склучува директорот на училиштето по претходно донесена одлука од надлежниот орган на училиштето согласно закон.

### Член 17

Користењето и располагањето со просториите и подвижните ствари од членот 4, како и нивното давање под закуп, не смее да:

- го попречува или ограничува воспитно-образовниот процес;
- влијае врз безбедноста, здравјето и сигурноста на учениците и вработените;
- ја нарушува основната намена на училишните простории;
- предизвикува оштетување на училишниот имот;
- го нарушува угледот и редовното функционирање на училиштето.

### Член 18

Воспитно-образовната дејност, интересите на учениците и непреченото функционирање на училиштето имаат приоритет во однос на секое користење на просториите и подвижните ствари од членот 4 од страна на трети лица.

Училиштето е должно во секое време да обезбеди непречено одвивање на наставата, воннаставните активности и другите активности поврзани со воспитно-образовниот процес.

**Член 19**

Пред склучување на договор за закуп за просториите и подвижните ствари од членот 4, училиштето е должно да утврди дека:

- закупот нема да влијае врз редовното одвивање на наставата;
- се исполнети условите за безбедност и заштита на учениците;
- закупецот ги исполнува законските услови за вршење на дејноста;
- користењето на просторот е во согласност со неговата намена.

## КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА

**Член 20**

Средствата остварени по основ на закуп и користење на просториите и подвижните ствари од членот 3 и членот 4 претставуваат сопствени приходи на училиштето.

Средствата остварени по основ користење на училишен простор и простории од членот 3 и членот 4 се користат наменски и ќе се распределуваат за следната намена:

- Подобрување на условите за воспитно-образовната дејност на училиштата,
- Финансирње на проекти за унапредување и модернизација на воспитно-образовниот процес,
- Набавка на училишен материјал,
- Тековно или инвестиционо оддржување и надоместување на режиски трошоци за комунални услуги.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Член 22**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат сите претходно донесени одлуки и други акти со кои е уредено користењето, управувањето, располагањето и давањето под закуп на училишен простор, училишните кујни, трпезарии и подвижните ствари во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 23**

Договорите за користење и закуп на училишниот простор, училишните кујни, трпезарии и подвижните ствари склучени пред влегувањето во сила на оваа Одлука остануваат во важност до истекот на рокот за кој се склучени, освен ако со договор или закон не е поинаку определено.

По истекот на договорите од ставот (1) на овој член, понатамошното користење и располагање со просториите и подвижните ствари ќе се врши согласно одредбите од оваа Одлука.

**Број 09-5345/8**
**Датум 11.06.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), заменик-градоначалникот на Општина Карпош согласно Решение бр.11-4499/1 од 07.05.2026 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејствата на загинатите лица во сообраќајната несреќа на скопската обиколница**

1. Се објавува Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејствата на загинатите лица во сообраќајната несреќа на скопската обиколница, донесена на 14. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5557/6**
**Датум: 11.06.2026 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ЗАМЕНИК-ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Неделчо Крстевски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и („Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24,), Советот на Општина Карпош, на 14. седница, одржана на 11 јуни 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на еднократна парична помош на семејствата на загинатите лица во сообраќајната несреќа на скопската обиколница**

Член 1

Општина Карпош, како израз на солидарноста кон семејствата на загинатите во сообраќајната несреќа на скопската обиколница за секое починато лице ќе додели парична помош во износ од 100.000 ( сто илјади ) денари.

Член 2

Паричните средства од член 1 на оваа одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Карпош за 2026 година, Програма ЕО - Општинска администрација, ставка 471 – Социјални надоместоци, подставка 471990- Друга социјална помош.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да донесе решение за исплата на средствата од Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5345/9**
**Датум 11.06.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), заменик-градоначалникот на Општина Карпош согласно Решение бр.11-4499/1 од 07.05.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје, донесено на 14. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5557/7**
**Датум: 11.06.2026 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ЗАМЕНИК-ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Неделчо Крстевски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/2024), членот 114, ставови 10, 13, 15, 16, 17 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), и Барањето бр.03-94/2 од 23.04.2026 година, заверено во архивата на Општина Карпош 54-4181/1 од 27.04.2026 година, Советот на Општина Карпош на 14. седница, одржана на 11 јуни 2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје**

1. Со ова решение се разрешува член на управен одбор на ЈУОДГ „Пролет“ претставник од родителите, а именуван и верификуван од Советот на Општина Карпош, поради престанок на мандат:

- Драгана Павловска

2. За член во управниот одбор на ЈУОДГ „Пролет“ претставник од редот на родителите, Советот на Општина Карпош ги именува и верификува:

- Рената Андонова Пешовска

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5345/10**
**Датум 11.06.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), заменик-градоначалникот на Општина Карпош согласно Решение бр.11-4499/1 од 07.05.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, трговија и услуги МИЛЕНИУМ ТИМ ДОО Скопје**

1. Се објавува Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, трговија и услуги МИЛЕНИУМ ТИМ ДОО Скопје, донесена на 14. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5557/8**
**Датум: 11.06.2026 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ЗАМЕНИК-ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Неделчо Крстевски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Македонија” бр. 202/24), врз основа на одредбите од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) како и Предлогот за донација бр.50-5471/1 од 08.06.2026 година од Друштво за градежништво, трговија и услуги МИЛЕНИУМ ТИМ ДОО Скопје, Советот на Општина Карпош, на 14. седница, одржана на 11 јуни 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање донација од Друштво за градежништво, трговија и услуги МИЛЕНИУМ ТИМ ДОО Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош во својство на примател на донација ја прифаќа понудата за донацијата бр.50-5471/1 од 09.06.2026 година од Друштво за градежништво, трговија и услуги МИЛЕНИУМ ТИМ ДОО Скопје, за Основен проект за улична фекална канализација Ф300мм по ул.Франц Прешерн од ДУП за дел од УЗ Влае 1, дел Б (Локалитет 2), Општина Карпош бр.08_3-2026/101-1 од 03.2026 изработен од ИПМ Стил Дооел Куманово, ревизија на основен проект заведена под бр. 1302-838/2 од 26.03.2026г. заверена од ЈП Водовод и канализација Скопје и изведба на уличната фекална канализација Ф300 предвидена со проектот.

Вкупна вредност на донацијата изнесува 1.383.409,16 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Предмет на оваа одлука, дефиниран во член 1 е подобрување на комуналните и инфраструктурните услови на дел од жителите на Општина Карпош.

**Член 4**

Се задолжува матичниот сектор на Општина Карпош да изготви Договор за донација, да го реализира потпишувањето на истиот, како и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5345/11**
**Датум 11.06.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош – пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2026), заменик-градоначалникот на Општина Карпош согласно Решение бр.11-4499/1 од 07.05.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање намера за донација од Фондација др-Верица Механџиска за опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“-Карпош, Скопје**

1. Се објавува Одлука за прифаќање намера за донација од Фондација др-Верица Механџиска за опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“-Карпош, Скопје, донесена на 14. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 11 јуни 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-5557/9**
**Датум: 11.06.2026 година**
**Скопје**

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ЗАМЕНИК-ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Неделчо Крстевски, с.р.**

Врз основа член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21, 173/22), Советот на Општина Карпош, на 14. седница, одржана на 11 јуни 2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање намера за донација од Фондација др-Верица Механџиска за опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“ -Карпош, Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош ја прифаќа намерата за донација од Фондацијата др-Верица Механџиска за опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“- Карпош Скопје.

### Член 2

Намерата за донација опфаќа подготвителни активности за набавка на потребните материјални добра за опремување на сензорната соба во ООУ „Лазо Трповски“- Карпош Скопје, кои по завршување на постапката ќе бидат предмет на посебна одлука за прифаќање на донацијата.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5345/12**
**Датум 11.06.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Христо Саракинов, с.р.**

СОДРЖИНА

1.Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година, со Решение за објавување;
2.Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година, со Решение за објавување, со Решение за објавување;
3.Одлука за утврдување правила при спроведување на параметри во рамки на дефинирана градежна парцела за реализација и спроведување на урбанистички план, со Решение за објавување, со Решение за објавување;
4.Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник; , со Решение за објавување, со Решение за објавување;
5.Одлука за начинот и условите за давање на користење училишен простор, училишни кујни, трпезарии и подвижни ствари во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош и овластување за нивно располагање, со Решение за објавување, со Решение за објавување;
6.Одлука **за доделување на еднократна парична помош на семејствата на загинатите лица во сообраќајната несреќа на скопската обиколница,** со Решение за објавување;
7.Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објавување;
8.Одлука за прифаќање донација од Друштво за градежништво, трговија и услуги МИЛЕНИУМ ТИМ ДОО Скопје, со Решение за објавување;
9.Одлука за прифаќање намера за донација од Фондација др-Верица Механџиска за опремување на сензорна соба во ООУ „Лазо Трповски“ -Карпош, Скопје, со Решение за објавување;

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.„“Никола Русински“ бр.11, Скопје
Тираж: 10 примероци